РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставен допис под наслов: „Измени на Законот за извршители во Министерство за правда“ потпишан од страна на повеќе здруженија на граѓани и заведен во архивата на Државната комисија. Со дописот се бара да се испита учеството на лицето, адвокат од Адвокатското друштво Кузмановски од Скопје, во работна група за измени на Законот за извршителите, како и евентуално постоење на судир на интереси, и да се обезбеди податок за бројот на извршни предмети заведени од наведеното адвокатско друштво во изминатите 10 години.

Во врска со наведеното, Државна комисија извести дека согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, **службеното лице** е должно да побара мислење од Државната комисија.“

Согласно член 8 став (2) од истиот Закон: под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.“

Имајќи го во предвид наведеното, Државната комисија издава мислења за постоење или не постоење на судир на интереси само во конкретни ситуации и по поднесени барања од страна на службени лица.
Дополнително, Државната комисија упати на Законот за адвокатурата (*) („Сл. весник на РСМ“ бр.199/23) кој е lex specialis од оваа област, каде што е уредено дека адвокатурата е самостојна и независна јавна служба. Адвокатот е слободен, самостоен и независен во својата работа и во рамките на законот, актите на Адвокатската комора и овластувањето, самостојно одлучува за начинот на застапување на правата и интересите на странката.

Согласно член 34 од наведениот закон, надлежноста за надзор над работата на адвокатите му припаѓа исклучиво на органите на Адвокатската комора.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Адреса: „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk